**From:**
**Sent:** вторник, 05 декември 2017 12:57
**To:**
**Subject:** FW: Повисок тон (волумен) при емитување на ТВ програма
**Attachments:** Pravilnik_za_nivelizacija__na_tonot_na_audiovizuelna_sodrina.pdf

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 05.12.2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 9 | | |

pretstavka

**From:**
**Sent:** Tuesday, December 5, 2017 10:05 AM
**To:**
**Cc:**
**Subject:** RE: Повисок тон (волумен) при емитување на ТВ програма

Почитувани,

Ви благодариме за Вашиот е-маил и споделените информации во врска со проблемот.

Нивелацијата на тонот на аудиовизулените содржини во Република Македонија кои се емитуваат преку операторот за јавни електронски комуникациски мрежи е дефиниран со **Правилникот за нивелација на тонот на аудиовизелната содржина (во прилог)**
Во овој правилник е дефинирана јачината на тонот на аудиовизелната содржина која се испраќа до операторот за јавни електронски комуникациски мрежи за емитување.
За подетални информации во врска со Вашето барање, мејлот го препраќам до Агенцијата за аудио и аудиовизулни медиумски услуги која законски е надлежна за спроведување на овој правилник.

Агенцијата за електронски комуникации во својата работа посветува посебно внимание и важност на повратните информации од граѓаните.
Затоа сите сугестии и предлози се добредојдени во насока на постојано подобрување на работата на Агенцијата за електронски комуникации.

Уште еднаш Ви благодариме за споделените информации и Вашето разбирање.

Со почит,

Агенција за електронски комуникации

AEC
REPUBLIC OF MACEDONIA
AGENCY FOR ELECTRONIC COMMUNICATIONS

**From:**
**Date:** December 2, 2017 at 10:03:36 PM GMT+1
**To:** "contact@aec.mk" <contact@aec.mk>

**Cc:**
**Subject: Повисок тон (волумен) при емитување на ТВ програма**

Почитувани,
Сакам да ви обрнам внимание на една појава која мене, а верувам и многу граѓани, не вади од памет.
Се работи за зголемување на тонот кога се емитуваат рекламите на скоро сите наши ТВ станици.
Пред десетина минути, конкретно на ТВ Нова, на сред дебатна емисија која ја следев со умерен тон на гласност, ме престраши почетокот на рекламите, кои одеа најверојатно со x5 пати поголема гласност.
Операторот (Телеком) се правда дека тоа не е во нивна надлежност, туку дека од телевизиите зависи со кој волумен ќе ја емитуваат програмата.
Е тука веќе АЕК има надлежност. Дали превземате нешто во врска со усогласувањето на волуменот на тонот со кој нашите ТВ станици емитуваат програма?
Знаете ли како изгледа гледање ТВ кај нас, далечинското е за секој случај во рака, па се оди од крајност во крајност, па или мораш да попуштиш до 75 (од 100) за да чуеш воопшто нешто, ама веќе на следниот канал тоа е веќе прегласно па треба да се намали на 30 за да се слуша нормално.

Ги ставам ОПМ во сс и на нив да им скренам внимание дека крајно време е да почнат да се бават со проблемите на граѓаните и соодветно да реагираат.
Ако не знаете како, прашајте ги колегите од Србија како го средија овој проблем кај нив.
Добронамерен предлог за ОПМ, за да може да ги решавате реалните проблеми на граѓаните, прво ќе мора да се подвоите на две организации, една што ќе „тера„ проекти каде до бесвест ќе се дебатира „потребно е, треба вака, не треба вака, усогласување со... итд„ и една која ќе работи исклучиво на решавање на конкретни проблеми.
Зошто е очигледно дека немате капацитет за двете работи истовремено.

Од аспект на корисник на услуги, според мене ниту АЕК ниту ОПМ сеуште го немаат оправдано своето постоење.

Во надеж дека критиките ќе ве натераат да ја подобрите вашата работа и ќе се насочите кон решавање на проблеми,
Срдечен поздрав,

--
ISP Neotel Skopje
This message has been scanned for viruses and
dangerous content by ISP Neotel E-Mail Security
System and is believed to be clean.

Врз основа на член 18, став 1, алинеја 8 и член 20, став 1, алинеја 11 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), и член 15, став 1, алинеја 7 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, а во согласност со Заклучокот на Советот на Агенцијата бр.02-5903/7 од 04.12.2014 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на својата 20-та седница одржана на 04.12.2014 година, донесе:

# ПРАВИЛНИК
# ЗА НИВЕЛАЦИЈА НА ТОНОТ НА АУДИОВИЗУЕЛНА СОДРЖИНА

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Овој правилник се однесува на работењето на радиодифузерите кои емитуваат телевизиска програма (во понатамошниот текст радиодифузери) и ги пропишува максимално дозволеното ниво на тонот и нивото на дозволива бучава на аудиовизуелни содржини кои се испраќаат за емитување од страна на радиодифузерите до операторите на јавни електронски комуникациски мрежи (оператори на дигитални терестријални мултиплекси и оператори на јавни електронски комуникациски мрежи кои користат неограничен ресурс).

## НИВО НА БУЧАВА И ЈАЧИНА НА ТОНОТ

### Член 2

Во однос на нивото на бучава која се јавува во студијата каде што се произведува програма од разни електро акустички инсталации (микрофони, засилувачи, уреди за снимање и репродукција и сл.), радиодифузерите треба да се придржуваат кон препораката EBU R-128 на Европската радиодифузна унија (EBU – Europian Brodacasting Union), како и на техничките упатства EBU TECH 3343 и EBU TECH 3344 кои се во врска со имплементацијата на препораката EBU R-128.

### Член 3

Во однос на јачината на тонот, при обработка на аудиовизуелните материјали кога се работи во аналогна технологија јачината на тонот треба да изнесува од -6 dB до -4 dB.

### Член 4

Во однос на јачината на тонот, при обработка на аудиовизуелните материјали кога се работи во дигитална технологија јачината на тонот треба да изнесува од -18dB до -6dB.

Член 5

Јачината на тонот на аудиовизуелниот материјал кој од страна на радиодифузерот се испраќа за емитување, треба да изнесува 0 dB (zero VU) во скалата на VU метарот (Volume Unit Meter).

Јачината на тонот на аудио визуелниот материјал кој од страна на радиодифузерот се испраќа за емитување, треба да изнесува 0 dB (zero PM) во скалата на PPM метарот (Peak Programme Meter).

Член 6

При емитување на вести и аудиовизуелни комерцијални комуникации, во однос на јачината на тонот на аудиовизуелниот материјал, може да има отстапување, при што јачината на тонот може да биде поголема за 10% во однос на вредностите пропишани во член 5 на овој Правилник.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**Бр. 01-5981/1**
**04.12.2014 година**
**Скопје**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**